Неуспех на надлежните органи соодветно да одговорат на изборните недостатоци

Скопје, 28-ми март 2005 година – Вториот круг од изборите кој се одржа на 27-ми март, иако во голем дел од земјата беше спроведен на добар начин, повторно не ги исполни клучните заложби и стандарди за избори на ОБСЕ и Советот на Европа, со коишто се гарантира универзално и еднакво право на глас, како и обезбедување на тајност на гласањето. Во периодот помеѓу двата круга на локалните избори и на денот на изборите, надлежните органи во Поранешната Југословенска Република Македонија не успејаа соодветно да одговорат на недостатоците идентификувани во првиот круг, и покрај некои напори за корегирање на истите.

Тоа е заклучокот на Меѓународната набљудувачка мисија за изборите, којашто денес ги објави своите наоди. Во делумниот втор круг, околу 260 набљудувачи од 31 земја извршија мониторинг од страна на Канцеларијата за демократски институции и човекови права при ОБСЕ (ОБСЕ/ОДИХР). Набљудувачите беа придружени од страна на претставници на Конгресот на локални и регионални власти во Европа при Советот на Европа.

"Иако доброто спроведување на гласањето во вториот круг е повторно добредојдено во поголемиот дел од земјата, постојаните и распространети нарушувања на други места создаваат сериозни загрижувања, го загрозуваат интегритетот на севкупниот процес, и на истите мора итно да се одговори", рече Џулијан Пил Јејтс, Шефот на мисијата на ОБСЕ/ОДИХР.

Кит Витмор, Шефот на делегацијата на Конгресот при Советот на Европа рече: "Го осудуваме де факто обесправувањето на жените во повеќе области, како и нивното отсуство од многу избирачки одбори и избирачки места, каде што не беше присутна ниту една жена. Правилната застапеност на сите граѓани на земјата во нејзините официјални и избрани институции е клучен елемент, како и почитувањето на правото на глас на сите граѓани".

Втор круг на локалните избори се одржа во 57 општини. Набљудувачите забележаа дека помеѓу двата изборни круга се почитуваа правните рокови за објавување на првичните резултати, како и донесувањето на одлуки по

приговорите и жалбите. Меѓутоа, задоцнетото објавување на резултатите во некои општини ја поткопаа довербата на јавноста во однос на резултатите. Известувањата за заплашување на изборни службеници и други лица, како и повремените насилнички напади врз партиски активисти придонесоа кон негативната атмосфера.

Надлежните органи направија одредени напори да одговорат на неправилностите од првиот круг на изборите, при што беа сменети некои избирачки одбори каде спроведувањето на гласањето се покажа како проблематично, како и со покренување на кривични истраги против лица коишто биле инволвирани во изборни прекршоци. Во исто време, надлежните органи не реагираа доследно да ги решат случаите на очигледна злоупотреба и во многу случаи општинските избирачки одбори гласаа по приговори исклучиво според интересите на политички партии.

Континуираниот недостиг на поодлучна интервенција од страна на релевантните надлежни органи против застрашување на гласачите и членовите на избирачките одбори создаде култура на неказнување во некои општини, поткопувајќи ја довербата во владеењето на правото и способноста на изборните органи да ја заштитат законитоста на процесот.

Во поголемиот дел од земјата, изборниот процес беше главно спроведен на уреден начин. Меѓутоа, набљудувачите известија за сериозни неправилности во одреден број на општини, во многу случаи станува збор за истите места од првиот круг. Тука спаѓаат украдени гласачки ливчиња, полнење на гласачките кутии, заплашување, групно гласање, гласање за друго лице и идентични потписи во избирачките списоци. Тајноста на гласањето не се почитуваше во 17% од случаите и беше известено за најмалку 30 случаи на полнење на гласачките кутии. Пребројувањето на гласовите беше негативно оценето во речиси едно од четири гласачки места коишто беа набљудувани.

Контакт лице за дополнителни информации: Урдур Гунарсдотир, портпарол на ОДИХР, +48 603 683 122 или +389 71584 820 urdur.gunnarsdottir@odihr.pl, Мишел Риволиер, Канцеларија за информации при Советот на Европа, +389 2 3136 498, michel.rivollier@iocoe.org.mk